**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА -**
**ФОН СКОПЈЕ**
**Факултет за дизајн и мултимедија**

# ИЗВЕШТАЈ

**за работата на деканот на**

## ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА

за 2021/22 година

**Скопје, јануари 2023 година**

## С О Д Р Ж И Н А

**1. ВОВЕД**

**2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ**
2.1 Работата на ННУС
2.2 Работа на постојните комисии формирани од ННУС
2.3 Упис на студенти

**3. НАСТАВНО НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР**
3.1 Наставен и соработнички кадар
3.2 Покриеност на наставните предмети со наставници

**4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**
4.1 Добивање на акредитација за прв циклус, специјалистички студии, како и за втор циклус на студии, за период 2022 – 2027.година
4.2 Реализација на наставата по студиски програми на прв и втор циклус на студии
4.3 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето

**5. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА**

**6. ИЗЛОЖБЕНИ АКТИВНОСТИ И НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**
6.1 Покриеност на студиските програми со учебници и учебни помагала
6.2 Учество на биенала, уметнички манифестации, натпревари, конференции, научни собири и семинари во школска 2021/22 година

**7. ЗАКЛУЧОК**

## 1. ВОВЕД

Врз основа на член 114 алинеа (5) од Законот за високо образование (Службен весник на РМ, 82/2018), деканот на Факултетот за дизајн и мултимедија до ННУС и ректорот на АУЕ-ФОН, доставува Извештај за својата работа за претходната школска година, согласно регулативата. Овој извештај го опфаќа периодот од 1.10.2021 до 30.09.2022.

Во Извешајот за работа деканот дава оценка за работата и за нивото на реализација на сите релеватни активности на Факултетот, како и остварување на следните цели:

- Да претстави краток и содржински сеопфатен преглед на наставно-образовниот процес и уметничката работа на Факултетот, како и нивното меѓусебно влијание;
- Да ги анализра добрите и слабите страни на Факултетот, и
- Да се оцени успешноста на работата на деканот како огран на раководење на Факултетот.

Надлежните на деканот во процесот на управување и функционирање на Факултетот за дизајн и мултимедија при АУЕ ФОН, се прецизирани со нормативните акти на факултетот, а согласно Законот за високото образование. Со тоа со обезбедува организација на работата која што овозможува повратна евалуативна спрега за степенот на реализација на поодделни задачи и одговорности. Во овој процес битна е улогата на деканот на Факултетот кој што ја насочува, координира и следи реализацијата при извршувањето на поставените цели и задачи на Факултетот, а за што е одговорен пред Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултинедија при АУЕ-ФОН, како и Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Имено, Факултетот за дизајн и мултимедија прави силни и конкретни чекори во насока на подобра организација и поголема одговорност во реализацијата на наставно-образовниот процес.Конкретно, воспоставени се процедури и механизми кои што овозможуваат следење и контрола на реализацијата на поставените цели и задачи, преку:

-изработка на програма за работа на деканот и поднесување извештај за степенот на нејзината реализација;

-изработка на годишен извештај за работа на наставниците и соработниците за извршување на тековните обврски, како и континуирано следење на постигнатиот успех на студентите, со што е воспоставен соодветен систем на информирање и координирање на активностите.

## 2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ

Факултетот за дизајн и мултимедија работи четрнаесет години, при што се стреми кон континуирано остварување на повисоки развојни цели, и тој процес е постојана грижа на сите негови наставници, соработници и студенти. Овој процес во себе инкорпорира континуирани промени во повеќе сегменти на организацијата и работењето на Факултетот, и тоа:

- Постојана грижа за постојните студиски и предметни програми;
- Изработка на нови наставни програми;
- Реализирани се вложувања во однос на просторните услови за студирање на АУЕ-ФОН;
- Континуирано се следи организацијата на наставата и вежбите, и изведувањето на испитите преку доследно почитување на распоредите, ангажирањето на наставниците, организирање на работата во помали групи, комисии и сл.
- Иновирање на мрежната страница на АУЕ-ФОН согласно новиот Закон за високо образование, на кој што студентите можат да ги најдат сите, ним потребни информации за студиските и предметните програми, распореди на наставата и вежбите, информации за континуираната проверка на знаењата и информации за основната и поширокaта литература и можностите за евалуација на теоријата низ пракса;
- Продолжено е со развојот на соработката меѓу АУЕ-ФОН и стопанството, институциите и НВО секторот, во повеќе сегменти преку проектот „ERASMUS“, редовните годишни изложби и други проекти, а врз основа на заедничката потреба и интерес за оваа соработка.

Преземените активности во тек на академската 2021/22.година, како и реформите кои што се спроведени во АУЕ-ФОН во изминатиот период, имаат позитивно влијание врз подобрувањето на квалитетот и физиономирањето на наставните планови и програми на додипломските, специјалистичките и последипломските студии на Факултетот за дизајн и мултимедија.

Во изминатата година се реализираа наставните програми за прва, втора, трета и четврта година на прв циклус, модулот од втор циклус за студенти со завршени тригодишни студии на прв и едногодишни студии од втор циклус, насловени Дизајн и мултимедија, акредитирани во 2017 година.

Во академската 2021/22.година, до Одборот за акредитација, се поднесени елаборатите за новите студиски програми: Графички дизајн, Мултимедија, Моден дизајн и Дизајн на архитектонски простор, за прв циклус (240 ЕКТС), втор циклус стручни (60 ЕКТС) и втор циклус академски студии (60 ЕКТС).

Одборот за акредитација на високото образование и Агенцијата за квалитет на високото образование издадоа Решенија за акредитација и Решенија за почеток со работа на студиските програми: Графички дизајн за прв циклус (240 ЕКТС), втор циклус стручни (60 ЕКТС) и втор циклус академски студии (60 ЕКТС); Мултимедија за прв циклус (240 ЕКТС), втор циклус стручни (60 ЕКТС) и втор циклус академски студии (60 ЕКТС); Моден дизајн за прв циклус (240 ЕКТС), втор циклус стручни (60 ЕКТС) и втор циклус академски студии (60 ЕКТС) и Дизајн на архитектонски простор за втор циклус стручни (60 ЕКТС) и втор циклус академски студии (60 ЕКТС). До денот на приложување на овој извештај нема информација за статусот на елаборатот за Дизајн на архитектонски простор за прв циклус студии (240 ЕКТС).

Новите студиски програми се во согласност со современите трендови во областите кои ги обработуваат, и добиените решенија се добра и сигурна основа врз која што може да се потпре идниот развој на Факултетот.

**2.1. Работа на Наставно научниот и уметнички совет (ННУС)**

Во рамките на факултетот, Наставно научниот и уметнички совет како орган на факултетот, согласно Законот за високо образование и Статутот на АУЕ-ФОН во учебната 2021/2022.година, одржа 10 (десет) седници во редовна месечна динамика но и со побрза динамика согласно потребите за работењето на факултетот и потребите за одржување на наставниот процес и административните обврски согласно законите и актите според кои се раководи во својата работа.

Состав на ННУС на Факултетот за дизајн и мултимедија во 2021/22:

1. проф. м-р Милош Милосављевиќ
2. проф. д-р Марија Ветероска
3. проф. м-р Стефан Јакимовски
4. проф. м-р Игор Шокаровски
5. проф. м-р Антонио Аранѓеловиќ
6. доц. м-р Марко Ружин
7. доц. м-р Марк Јанура
8. доц. м-р Емилија Славкова
9. проф. д-р Мимоза Клековска
10. проф. д-р Мумен Абуакруб
11. доц. м-р Јасна Грујоска Куневска
12. доц. м-р Едона Арифи Садику
13. доц. м-р Филис Ајруш
14. доц. м-р Каљтрина Елези

и како дел од кадарот на ФДМ е виш лектор м-р Ана Арсовска.

Работата на ННУС се одвиваше во врска со:

- Потребите за распределбата на наставните обврски и предмети на наставниците;
- Извршување на обврските за избор во звања на наставниците;
- Постапките на пријавување, одобрување, рецензирање и прифаќање на магистерските и специјалистичките трудови и дипломските работи на студентите од прв и втор циклус на студии;
- Утврдување на распоредите за настава, колоквиуми и испити;
- Донесување на акти и одлуки што се потребни согласно регулативата;
- Давање мислења и заземање на ставови во врска со актите и одлуките што согласно регулативата се носат на ниво на универзитет;
- Редовно информирање за работата и одлуките на ректорската управа и сенатот на универзитетот;
- Усвојување на нови студиски програми и
- Други прашања.

Седниците на ННУС редовно се одржуваа со присуство на повеќе од 2/3 од наставниците, а најчесто и во полн состав , комбинирано, со физичко присуство и на платформата Microsoft Teams.

**2.2.Работа на постојните комиси формирани од ННУС**

ННУС на ФДМ во текот на академската 2021/2022 година донесе одлуки за избор на наставници (според законските за високо образование на РСМ), одлука за формирање на факултетска комисија одредби од Законот за упис, донесе одлука за комисија за спроведување на самоевалуација на ФДМ, го усвои извештајот на комисијата за самоевалуација, го утврди бројот на студенти за упис во академската 2022/2023 итн. ННУС тековно ги разгледува пријавите за дипломски и магистерски трудови, формира комисии за оцена и одбрана на истите.

### 2.2.1. Работата на Комисијата за евалуација на факултетот

Во рамките на своите надлежности комисијата ја извршуваше својата работа навремено и квалитетно, согласно ЗВО и актите на АУЕ-ФОН. Евалуацијата се изврши во одредените со актите термини, а резултатите се достапни и јавно објавени (Претставено на табела 1).
Табела 1. Просечна оценка на студентите на ниво на факултет за реализација на предавањата и вежбите.

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата | 4.7 |
| 2 | Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето | 4.7 |
| 3 | Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен | 4.8 |
| 4 | Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата. | 4.7 |
| 5 | Наставникот/соработникот е достапен во определените термини за консултации. | 4.7 |
| 6 | Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите навремено е достапна. | 4.7 |
| 7 | Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите. | 4.7 |
| 8 | Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. | 4.6 |

Од податоците за евалуацијата од студентите на Факултетот за дизајн и мултимедија при АУЕ-ФОН, може да се извлечат следните заклучоци:

- Најниска просечна оцена на Факултетот за дизајн и мултимедија е добиена на прашањето под број 3 “Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите” и изнесува 4.6.
- Највисока просечна оцена на Факултетот за дизајн и мултимедија е добиена на прашањето под број 3 “Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен.” и изнесува 4.8.

### 2.2.2. Работа на Комисијата за признавање на испити

Комисијата редовно ги извршуваше своите утврдени работни задачи и со тоа овозможи редовен проток и упис на студентите што како трансферни се запишуваа на студии на нашиот универзитет и факултет, завршувајќи ги навремено своите активности.

**2.3. Упис на студенти во прв и втор циклус**

Заклучно со 30.09.2022.година, вкупниот број на студенти на Факултетот за дизајн и мултимедија изнесува 230 активни студенти кои студираат на три насоки и тоа : графички дизајн, моден дезајн и мултимедија. (Претставено на табела 2).

Табела 2. Број на запишани студенти во школската 2022/2023 во однос на предходните години

| Академска година | I година | IV година | V година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2019/2020 | 69 | 6 | 2 | 77 |
| 2020/2021 | 80 | 6 | 1 | 87 |
| 2021/2022 | 41 | 1 | 3 | 45 |
| 2022/2023 Заклучно со почеток на зимски семестар | 69 | 2 | 3 | 74 |
| Вкупно | | | | 283 |

*Разликата од 283 студенти до 230 студенти со активен статус е во бројот на студенти од претходно акредитираната студиска програма.

Раст на упис од речиси 50% во однос на акаденската 2021/22, се должи на посветеноста и ангажманот на кадарот на ФДМ за квалитетно образование, резултатите на студентите во текот на образовниот процес, како и дополнителните вонкурикуларни активности на професорите и студентите на ФДМ.

ФДМ поради својата специфика на областите кои ги опфаќа (графички дизајн, мултимедија и моден дизајн) има усвоено правилник за упис во втор циклус на студии, при што ги дефинираше сродните факултети или области на кои потенцијалните кандидати ги имаат завршено студиите од прв циклус, потребата кандидатите да приложат портфолио од своите дела и комисија која ќе ја оценува нивната подобност за упис.

## 3. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

### 3.1. Наставен и соработнички кадар

Факултетот за дизајн и мултимедија во учебната 2021/2022 наставата на студиските програми на ФДМ ја изведува со:

1. проф. м-р Милош Милосављевиќ
2. проф. д-р Марија Ветероска
3. проф. м-р Стефан Јакимовски
4. проф. м-р Игор Шокаровски
5. проф. м-р Антонио Аранѓеловиќ

6. доц. м-р Марко Ружин
7. доц. м-р Марк Јанура
8. доц. м-р Емилија Славкова
9. доц. м-р Александра Јовановска Хнида (на породилно отсуство во летниот семестар)
10. виш лектор м-р Ана Арсовска

Од другите единици на универзитетот, во изведувањето на студиските програми на ФДМ, беа ангажирани:

1. доц. д-р Маја Саревска
2. проф. д-р Тања Китановска Стојковска
3. проф. д-р Сејдефа Џафче
4. проф. д-р Александра Србиновска
5. виш лектор м-р Елена Танева
6. виш лектор м-р Зоран Механџиски

како и 3 визитинг наставници: 1 (еден) насловен доцент, 1 (еден) насловен вонреден професор и 1 (еден) научен соработник, и тоа:

1. насл. доц. м-р Андреј Георгиевски
2. насл вонр проф д-р Ивана Јарчевска
3. научен соработник д-р Александар Василевски

Табела 3.( Наставници и соработници со полно работно време според возраст во 2020/21 на Факултетот за дизајн и мултимедија )

| Возраст | Професори | Вонредни професори | Доценти | Соработници |
|---|---|---|---|---|
| 25-35 | | | 4 | 2 |
| 36-45 | 2 | 2 | 3 | |
| 46-55 | 2 | 1 | | |
| 56-65 | | | | |
| 66-75 | | | | |

Табела 3А .( Визитинг наставници и соработници според возраст во 2021/22 на Факултетот за дизајн и мултимедија )

| Возраст | Професори | Вонредни професори | Доценти | Соработници |
|---|---|---|---|---|
| 25-35 | | | 1 | |
| 36-45 | | | | |
| 46-55 | | 1 | | |
| 56-65 | | | | |
| 66-75 | | | | |

Во периодот опфатен со овој извештај, оптеретеноста по редовно вработен наставник со полн фонд на часови е во сооднос од околу 23 студенти на еден наставник.

Во поглед на ефикасноста на организацијата и внатрешната комуникација во рамки на Факултетот , можеме да истакнеме дека во координација на деканот, се функционираше во рамките на легислативата за високо образование на Република Северна Македонија.

Исто така, секој предметен наставник при подготовка на новата програма, има направено соодветни усовршувања на истата, согласно со достигнувањата во развојот на дизајнерската и уметничка мисла и да ги инкорпорира новите текови на технолошкиот развој.

Во поглед на планираните и реализираните активности – може слободно да се утврди дека целокупната наставна активност е реализирана според планот, со дополнителни практични дизајнерски активности кои произлегле од проекти со надворешни соработници од социјалниот и бизнис сектор.

Факултетот располага со 6 простории во кои се реализира наставата. Просторно ателје за цртање и сликање, опремено модно ателје, наменски компјутерски лабаратории каде се изведува настава за графички дизајн и мултимедија, како и простории за изведување на теоретска настава.

Адаптацијата кон платформата Microsoft Teams за далечинско учење, која беше спроведена во текот на пандемијата „КОВИД 19“, со цел наставата и академските активности на факултетот да продолжат без застој, сеуште се применува во еден дел од наставниот процес. Причина се позитивните резултати, кои во одредени сегменти при реализација на активностите,присуството, активностите, ги надмина очекувањата.

Постојната структура на наставничкиот кадар овозможува квалитетна реализација на наставата на Факултетот за дизајн и мултимедија. Кадарот негува перманента грижа на усовршување на вештините и реализација на проекти од областите во кои се стручни, како и развивање на иден насравен кадар од редовите на студентите.

### 3.2. Покриеност на наставните предмети со наставници

Анализата во однос на покриеноста на наставните дисциплини со наставен кадар покажува дека на Факултетот за дизајн и мултимедија има ангажирано 16 наставници од Факултетот за дизајн и мултимедија, 14 наставници во постојан работен однос и 2 визитинг наставника, а од другите факултети на АУЕ ФОН , 6 наставника за универзитетските изборни предмети, односно 14 наставници во постојан работен однос на АУЕ ФОН , и дополнително уште 2 визитинг наставници.

Што се однесува до ангажираноста на наставниците во наставно-образовниот процес, тие се рамномерно распределени според областите на стручност. Поради спецификата на дизајнерското образование и континуитетот во пратењето на индивидуалниот развој на студентите, во висок процент од наставата наставниците ги спроведуваат и вежбите по предметите кои им се доделени.

## 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

Факултетот за дизајн и мултимедија според добиената акредитација организира настава за прв и втор циклус студии на студиските програми: Дизајн и мултимедија, која беше спроведена и за новозапишаните студенти.

Факултетот за дизајн и мултимедија, во периодот опфатен со овој извештај, на прв циклус студии организираше редовна настава, која се реализираше комбинирано,

односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams, додека дел од наставата на вториот циклус студии поради вонредниот статус на студентите, се одвиваше менторски, комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams.

Целта на Факултетот за дизајн и мултимедија е да подготвува едуцирани дизајнери кои се профилираат во следниве области: графички дизајн, мултимедија и моден дизајн. Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија овозможуваат изведување на современа и квалитетна настава како примарна цел за подготовката на студентите за успешна кариера, практична самостојна работа и доживотно учење во комплетна образовна, уметничка и научно-истражувачка средина.

Во реализацијата на студиската програма – може слободно да се спомене дека планираните обврски на наставниот кадар се исполнети во целост. Курсевите завршија во предвидените термини, а во периодот кој што го опфаќа овој извештај, периодите на академска година траеа во предвиденото време.

Системот за оценување е според ЕКТС – испитот се полага преку два колоквиуми, а се оценуваат и присутноста, активноста и изработените задачи. Колоквиумите беа спроведени во предвидените колоквиумски недели, а испитите во предвидените редовни и вонредни испитни сесии. Колоквиумите и испитите, зависно од природата на наставниот предмет, се спроведуваат апликативно и/или теоретски – писмено, а се реализираат комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams.

### 4.2 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето

Во реализацијата на наставно-образовниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија доминира практичната и менторска настава, а на некои предмети се изведува и настава „екс катедра“, при што истата потоа апликативно се применува на вежбите, а се реализира комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams. На сите предмети (со исклучок на предметите од областа на историја на уметност и универзитетските предмети), здобиените знаења се применуваат во апликативни решенија од помал или поголем обем.При реализацијата на наставно-образовниот процес Факултетот употребува компјутерска технологија и соодветни наставни и дидактички помагала, а истиот се реализира комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams.

Методите за проверка на знаењата главно се преку апликативни проекти, преку кои се проверува знаењето на дизајн процесот, но и теоретски/писмено на одредени курсеви. Во овој контекст може да се каже дека студентите најголем дел од испитите ги полагаат преку колоквиуми во процесот на континуирана проверка на знаењата. Врз основа на тоа може да се констатира дека начинот на спроведување на наставата и вежбите и индивидуалниот пристап кон студентите резултира со особено поволни резултати.

## 5.НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДЕЛАТА НА СТУДЕНТИТЕ

ФДМ во академската 2021/2022 година спроведе повеќе соработки со надворешни субјекти, реализација на општествено одговорни проекти, учества/претставувања на студентите на меѓународни и државни конкурси, како и организирано јавно претставување на резултатите од образовниот процес со изложување на студентските дела.

- Евангелија Ивановска студентка од Факултетот за Дизајн и мултимедија при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН (АЕУ-ФОН) го освои првото место за изработка на постер со кој учествуваше на конкурсот насловен „Данте 700“ кој што го организираше Институтот Данте Алигери (Instituto Dante Alighieri) од Скопје и Амбасадата на Република Италија. Конкурсот беше распишан по повод одбележувањето на 700 години од смртта на авторот на делото „Божествена комедија“, кој го постави италијанското средновековно литературно творештво на пијадесталот на светската литература, светски познатиот Данте Алигиери. Меѓу првите десетмина со своите постери се пласираа и нашите студенти Никола Крстиќ и Моника Нефтенова, од Факултетот за Дизајн и мултимедија при АУЕ ФОН .

- Во март 2022, студентите на Факултет за дизајн и мултимедија реализираа посета на Национална Галерија на Македонија, каде имаа прилика да се запознаат со македонското современо ликовно и применето творештво од втората половина на XIX век , како и XX век. При посетата, студентите беа пречекани од кураторите на НГМ, Нарона Лума и Џенете Биљали.

- во март 2022, студентите по предметите Дизајн на книга и Дизајн на печатени медиуми, ја посетија изложбата „Македонска глаголица, македонска кирилица“ на авторите Трипков и Џуровски, во Галеријата на МКЦ. Во рамки на посетата беше остварена презентација на делата и разговор со авторите.

- Во мај истата година, студентите земаа активно учество во еко акција за општествена одговорност „МЛАДИТЕ ЗА ПРИРОДАТА“, организирана од АУЕ ФОН.

- Истиот месец, студентите од Факултет за Дизајн и Мултимедија при АУЕ ФОН, осликуваа акварели, инспирирани од мотивите од Зоолошката градина во Скопје. Се работи за редовни наставни активности, предвидени со план и програма по предметите Техники на Сликање и Вечерен акт.
- Во Домот на АРМ на ден 07.06.2022 година се отвори годишната изложба на студентите од прв и втор циклус на студии од Факултетот за дизајн и мултимедија при Американскиот универзитет на Европа – ФОН. На изложбата која што привлече голем број на љубители на уметност, со свои дела се претставија студентите од трите области на факултетот: графички дизајн, мултимедија и моден дизајн.
  Поставката има над 600 експонати и се состои од цртежи и слики, плакати, типографски решенија, илустрации, па сè до фотографии, анимации и апликативни решенија од областа на модниот дизајн..
- Студентите на Факултетот за Дизајн и Мултимедија , реалиираа изработка на мурали, на три локации во кампусот на АУЕ ФОН. Муралите се завршна вежба од сфера на применето сликарство.

- Студентите по моден дизајн успешното се претставија на манифестацијата Моден викенд Скопје 2022 – „FASHION WEEK SKOPJE 2022".
- Беше реализирана трета дигитална Студентската годишна изложба на ФДМ, октомври 2022. https://www.auefondesign.com/
- Во рамките на Erasmus + Staff Mobility програмата, беше реализирана посета на професорите Антонио Арангеловиќ и Марк Јанура на „Интернационалниот Универзитет„ во Бања Лука, БиХ, додека професорот Милош Милосављевиќ беше примен на Факултет за Уметности во Ниш, Р. Србија. Од двете посети произлегоа договори за понатамошна соработка.
- Дамјан Шокев, студент на насоката за Графички дизајн, доби првата награда на студентскиот натпревар за плакат на тема „Ден на италијанскиот стрип".Натпреварот беше организиран од Институтот „Данте Алигиери" и Италијанската амбасада во Скопје, и е дел од јубилејното десетто издание на Филмскиот фестивал за млади „Цифони Македонија".

## 6.УМЕТНИЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кадарот на Факултетот за дизајн и мултимедија, активно учествува во дизајнерски проекти, учество на групни државни и меѓународни настани, изложби, фестивали и дизајнерски проекти, самостојни изложби, учество и менторирање на дизајн работилници итн. Комбинирано.

Во поглед на кадровската политика, кадарот покажува интерес за сопствено доусовршување. Секако и тука постои поддршка и меѓусебно колегијално помагање. Исто така, секој предметен наставник врши соодветни промени и усовршувања на предментната програма, согласно со достигнувањата во развојот на стручно уметничката и научната мисла и ги инкорпорира новите сознанија и научни дострели во содржината на предметните предавања и наставниот процес во целост.

По однос на гостување на странски предавачи, во разгледуваниот период нема оранизирано предавање од странски предавачи во областа на предметите што се застапени на Факултетот. Дел од студентите и кадарот како гости учествувале на предавања, презентации и настани организирани од други единици или организации.

Факултетот настојува студиските програми да бидат покриени со квалитетни и учебници и учебни помагала. Истовремено, Факултетот сесрдно ги стимулира и потикнува активностите за издавање на учебници на своите колеги, но овој процес треба да функционира најчесто самофинансирачки и нема особен интерес за тоа, пред се и поради апликативниот пристап при наставата.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Изработката на Годишен извештај на деканот на факултетот како законска обврска за сите високообразовни институции во Република Северна Македонија, претставуваше добра можност за извршување на сеопфатна анализа на состојбите и процесите на Факултетот за дизајн и мултимедија. Од аспект на организацијата на работата на факултетот и внатрешната комуникација на деканот со ННУС и поединечно со професорите можеме да истакне дека комуникацијата меѓу наставниот кадар е на одлично ниво. Со реализацијата на студиската програми сите планираните обврски на наставниот и соработнички кадар се исполнети во целост, така што наставно-образовниот процес, се реализира според годишниот план за работа.

Посветеноста на наставниот и соработнички кадар на ФДМ, во рамките на наставниот процес, но и нивните дополнителните вонаставни активности, како и фокусирањето на индивидуалните интереси, потреби, професионален раст и развој на студентите, придонесува кон етаблирање на Факултетот за дизајн и мултимедија во високообразовната сфера во државата но и надвор од границите на Република Северна Македонија.

Забелешка:
По оставката на позиција декан на проф м-р Игор Шокаровски, на 24.04.2022 година од ННУС на ФДМ, за декан на Факултет за Дизајн и Мултимедија е избран проф. м-р. Милош Милосављевиќ. Изборот за декан е потврден со Одлука на Сенатот на АУЕ ФОН. Тој период е и опфатен со овој декански извештај.

Скопје, јануари, 2023 година

Декан на Факултетот за дизајн и мултимедија

проф. м-р Милош Милосављевиќ

____________________________________